**РЕФЕРАТ ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ОД ОБЛАСТА НА ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ, ФИНАНСИИ И ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ**

**НА ПВУ-ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА", СКОПЈЕ**

Со одлука од 20.06.2012 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на предавач од областа на Економски развој, финансии и финансиски менаџмент. Конкурсот за овој избор беше објавен во дневниот весник Фокус на 17.05.2012 год., и во предвидениот рок се пријавија следните кандидат:

- Александра Кекеновска, родена 08.07.1983 година во Скопје, дипломиран економист, магистер по економски науки- МБА менаџмент. Повеќегодишно работно искуство во банкарскиот сектор.
- Светлана Столеска, родена 21.04.1966 во Прилеп, дипломиран економист, магистер по економски науки. Работно искуство во стопанството, и во граѓанскиот сектор.
- Милена Бошкоска, родена 10.07.1984 во Прилеп, дипломиран економист, магистер по бизнис администрација. Работно искуство во стопанството и како демонстратор во високообразовна установа.
- Билјана Аврамовска, родена 26.12.1980 во Скопје, дипломиран економист, магистер на економски науки во областа на Економски развој и меѓународни финансии. Работно искуство во стопанството и во високообразовна установа, како административен и наставен кадар. Објавени повеќе научни трудови.
- Лилјана Иваноска, родена 11.08.1983 во Прилеп, магистер по бизнис администрација, работно искуство во стопанството.
- Далибор Галевски, родена 20.02.1978 во Скопје, дипломиран правник, магистер на економски науки, област финансиски менаџмент, работно искуство во стопанствотот и банкарскиот сектор.

Врз основа на приложената документација и детален увид во истата , на Наставничкиот совет на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" Скопје за избор во звањето предавач во областа на Економски развој, финансии и финансиски менаџмент го предлагаме кандидатот м-р Билјана Аврамовска, за што го поднесуваме следниот

# ИЗВЕШТАЈ

**Биографски податоци**

Билјана Аврамовска е родена на 26.12.1980 година во Скопје, Република Македонија. Основно и средно образование, општа гимназија, завршила во Скопје.

На Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишала во учебната 1999/2000 година, а дипломирала во април 2005 година на департманот Економија, со просечна оцена 8,35 со што се стекнала со звањето дипломиран економист.

Во 2005 година се запишала на последипломски студии на Економскиот факултет при Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје на насоката Економски развој и меѓународни финансии. По положување на предвидените испити со просечна оценка 10 (десет), во мај 2012, го одбранила магистерскиот труд со наслов: "Номинална versus реална конвергенција во

Европската Унија" со што се стекнала со тутула магистер на Економски науки од областа на Економски развој и меѓународни финансии.

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и има познавања од германскиот јазик.

**Работно искуство**

Во периодот од 1 јануари 2006 до 31 мај 2007 година работела како референт за продажба во "АССЕКО СЕЕ Македонија" во Скопје.

Од 1 јуни 2007 до денес м-р Билјана Аврамовска е вработена е на Факултетот за бизнис економија како библиотекар и асистент, каде била соработник на предметите: Менаџерска економија, Интегриран бизнис 1, Интегриран бизнис 2, Економетрија, Инвестиционен менаџмент и Бизнис локациони одлуки.

Секретар е на Уредувачкиот одбор на Списанието за одржлив развој (Journal of Sustainable Development) кое го издава Факултетот за бизнис економија.

**Учество на обуки, конференции и летни школи**

- Меѓународна летна школа: "Take the best from East and West", организирана од Економскиот факултет при Универзитетот во Љубљана, Словенија, од 4 до 22 јули 2011 година;
- Семинар за соларна енергија, во организација на GTZ, во Скопје, декември 2009;
- Меѓународна конференција: "Foreign Capital as a factor of Transition Economies Development" во организација на Економскиот факултет при Универзитетот во Крагуевац, Република Србија, 2008 година;
- XIII Меѓународна летна школа на тема: "Beyond the Enlargement - The Wider Europe and the New Neighbourhood", во организација на Универзитет од Болоња и Централно Европска иницијатива (CEI), во Червиа, Италија, од 2 до 15 септември 2007;
- Обука: Услуги кон купувачите - како до лојални купувачи?, во организација на Triple S Learning, во Скопје, април 2007;
- Обука: Како да остварите деловна соработка со Обединетите нации?, во организација на Организацијата на Обединетите нации во соработка со Стопанска комора на Република Македонија, во Скопје, јануари 2007;
- Обука: Договори во Меѓународното работење – преговори, клучни елементи, арбитража, во организација на Институт за економска дипломатија, Белград, Република Србија во соработка со Стопанска комора на Република Македонија, во Скопје, декември 2006 година.

**Објавени трудови:**

- Аврамовска, Б. (2012): "*Номинална versus реална конвергенција во Европската Унија"*, Економски факултет, Скопје (магистерски труд);
- Petreski, G. and Avramovska, B. (May 30th, 2008): "The impact of Capital Flows to Western Balkan Economies in Transition" in Babic, V. i Maksimovic, Lj (ed.), "Foreign Capital as a Factor of Transition Economies Development", University of Kragujevac, Faculty of Economics, Kragujevac, pp.62-72
- Avramovska, B. (2007*): "Prospects for Foreign Direct Investment in Bulgaria (Proposals for improvement of FDI inflows in sectors that can be sources of future growth and to improve*

*the overall level of FDI inflows in Bulgaria)"*,shttp://137.204.115.130/activities/download/XIII-CEI-ISSC/SS_BiljanaAvramovska_paper_winner.pdf;

- Аврамовска, Б. (2007): *"Анализа на македонската економија преку двосекторски неокласичен модел"*, Списание за одржлив развој (Journal of Sustainable Development), бр.1, Факултет за бизнис економија, Скопје, стр.29-42;
- Петрески Г. и Аврамовска, Б. (2005): *"Извори и ограничувања на растот во Република Македонија - неокласична анализа и модел на двоен јаз ".* Прилози. Македонска академија на науките и уметностите (МАНУ), Скопје, стр.63-89.

За трудот *"Prospects for Foreign Direct Investment in Bulgaria (Proposals for improvement of FDI inflows in sectors that can be sources of future growth and to improve the overall level of FDI inflows in Bulgaria)"* освоила награда за најдобар труд презентиран на XIII меѓународна летна школа во Червиа, Италија.

**Членство во професионални организации**

Член е на Фондацијата Ново образование за бизнис (НБЕ) во Скопје, чија програмска определба е во сферата на промоција на локалниот и регионален бизнис развој, енергетска ефикасност и претприемништво.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија по увид во документацијата поднесена со пријавата за распишан конкурс за предавач во областа на Економски развој, финансии и финансиски менаџмент може да констатира дека кандидатот м-р Биљана Аврамовска ги исполнува формалните услови согласно Законот за високо образование, Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставни и соработнички звања на ПВУ-ВСШ „Факултет за бизнис економија" во Скопје и распишаниот конкурс во весникот Фокус. Рецензенската комисија може да заклучи и дека кандидатот м-р Биљана Аврамовска го има потребното искуство за избор во звањето предавач, веќе има работно искуство во наставна и високо стручна работа, има учествувано на поголем број научни и стручни собири и има објавено повеќе стручни труд, со што може да се констатира дека покажува способност за наставно образовна и научно истражувачка активност.

Врз основа на претходно изнесеното, рецензентската комисија му предлага на Наставничкиот совет да го избере кандидатот м-р Биљана Аврамовска во звање предавач во областа на Економски развој, финансии и финансиски менаџмент.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф.д-р Благоја Наневски, претседател

Проф.д-р Антонија Јосифовска, член

Проф.д-р Весна Стојанова, член